РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-591/7
29.07. 2021 год.
Валандово



Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Валандово врз основа на член член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр.10/2020) и чл.43-б од Статутот на Општина Валандово распишува

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ ЗА МЛАДИ

Со овој Јавен повик, СЕ ПОВИКУВААТ сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување, кои не мора да бидат регистрирани во Општина Валандово, а кои ќе ги исполнат следните критериуми:

- Да имаат активности на територијата на Општина Валандово,
- Да се основани и активни најмалку 6 (шест) месеци пред отворањето на овој повик и
- Делегатот/ката и заменик-делегатот/ката да се жители на Општина Валандово и да се на возраст од 15 до 29 години.

Задолжителни документи кои се доставуваат:

1. Портфолио за работата на организацијата,
2. Мотивациско писмо од организацијата за учество во Локалното собрание на млади, но не повеќе од 1 страница,
3. Годишен извештај за работата за периодот 2020/2021 со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина Валандово и
4. Номинација на делегат/ка и заменик-делегат/ка со контакт-детали за претставниците.

Начин на пријавување:

Сите заинтересирани организации/групи/здруженија кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават документите во електронска форма на е-маил или во печатена форма во архивата на Општина Валандово со ознака Апликација за членство во Собранието на Советот на млади.

Е-маил: administracija@valandovo.gov.mk
Адреса: Општина Валандово, ул. Иво Лола Рибар бр.3, 2460 Валандово

Рок за пријавување:

7 (седум) работни денови, вклучувајќи го и денот на објава, а најдоцна до 06.08.2021 (до 16:00 часот во просториите на Општина Валандово или електронски до крајот на денот).

Апликациите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање Локално собрание на млади заедно со Службеникот за млади во општина Валандово со цел избор на Локалниот младински совет при Општина Валандово.

За повеќе информации околку повикот може да се обратите на следниот контакт:

Службеник за млади во Општина Валандово – Владимир Лазов
е-маил адреси: administracija@valandovo.gov.mk или vlatko.lazov@live.com
телефонски број: 071/239-849

Иницијативен одбор за конституирање на
Локално собрание на млади на Општина Валандово

Софија Гетова – Колектив Зет

Драган Митев – Еко Правда

Марија Илиевска – Свет на Промени